**20140180522**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 4 став 4 од Законот за детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/99, 66/07, 86/08, 51/11 и 164/13), министерот за внатрешни работи, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА И ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилникот се пропишуваат образецот на барањето за издавање на лиценца и образецот на лиценцата за вршење на детективска дејност.

Член 2

Образецот на барањето за издавање на лиценца за вршење на детективска дејност се печати на хартија во бела боја и има правоаголна форма со А4 формат, кој е даден во Прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник.

Барањето од став 1 на овој член содржи:

1. назив на органот до кој се поднесува барањето;
2. наслов на барањето;
3. податоци за подносителот на барањето: име, презиме, ден, месец и година на раѓање, место на раѓање, место и адреса на живеење и податоци за контакт, датум и место на поднесување на барањето и потпис на подносителот на барањето;
4. прилози кон барањето и појаснување;
5. согласност од подносителот на барањето за користење на неговите лични податоци и место за потпис на подносителот, и
6. упатство за пополнување на барањето за издавање на лиценца за вршење на детективска дејност.

Член 3

Образецот на лиценцата за вршење на детективска дејност се печати на специјална хартија во А4 формат, во бела боја, со вградени заштитни елементи-воден печат и УВ заштита со безбедносно заштитни копчиња кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член содржи: назив „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“, „ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ“, место за име, татково име и презиме на детективот, место за датум и место на раѓање на детективот, а под тоа е отпечатен текстот „Лиценцата се издава врз основа на исполнети услови од Законот за детективската дејност“. Во долниот лев дел од образецот на лиценцата има место за број, место, ден, месец и година на издавање на лиценцата, место за печат „МП“, а во долниот десен дел, назив: „МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“ и под него место за потпис на министерот.

Во позадината на целиот образец на лиценцата е отпечатен ловоров венец со ознаката „РМ“ во средина.

Член 4

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот на лиценцата за вршење на детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/00 и 19/09) .

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-5026/1
21 јануари 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Прилог бр. 1

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ

**1.** ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање |
|---|---|
| . . | |

| Место и адреса на живеење | Податоци за контакт |
|---|---|
| | |

Датум и место на поднесување на барањето

____.____.20____, __________________

Потпис на подносителот на барањето

________________________________

**2.** ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:

| | |
|---|---|
| ☐ | Уверение задржавјанство на Република Македонија (*) |
| ☐ | Доказ дека подносителот има живеалиште во Република Македонија (*) |
| ☐ | Доказ дека на подносителот не му е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност, додека трае таа казна, односно прекршочна санкција (*) |
| ☐ | Доказ за завршено високо образование |
| ☐ | Изјава од подносителот дека во последните две години пред добивање лиценца за работа не извршувал работи и задачи од областа на безбедноста и одбраната во органите на државната управа како: овластено службено лице или на посебни работни места согласно со прописите од областа на внатрешните работи, работни места на определени должности согласно со прописите од областа на разузнавањето или работни места на определени должности согласно со прописите од областа на одбраната |
| ☐ | Доказ дека во последните две години пред добивање лиценца за работа не извршувал работи и задачи од областа на безбедноста и одбраната во органите на државната управа како: овластено службено лице или на посебни работни места согласно со прописите од областа на внатрешните работи, работни места на определени должности согласно со прописите од областа на разузнавањето или работни места на определени должности согласно со прописите од областа на одбраната (*) |
| ☐ | Доказ за положен стручен испит за вршење на детективска дејност (*) |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката ________________________________________________ ________________________________________________ |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и иститe Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.

Доказите кои не се означени со ѕвезда (*) се доставуваат како копија заверена од нотар.

**3.** СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 2 на ова барање.

Потпис на подносителот

_______________________

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА **ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ:**

- Податоците од делот 1 ги пополнува подносителот на барањето.
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот „податоци за контакт“.

Прилог бр. 2

# Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ

Име, татково име и презиме: ________________________________________

Датум и место на раѓање: ___________________________________________

Лиценцата се издава врз основа на исполнети услови од Законот за детективската дејност.

Бр. _________________ МИНИСТЕР

_____________ година М. П. ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

________________________